Република Северна Македонија
Општинско основно Училиште
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр 10-76/5
21.04 26

Врз основа на Законот за основно образование („Службен весник на Р.С. Македонија" бр.229/2020) **Општинското Основното училиште ООУ„Кирил и Методиј" с.Ораовица, издава**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За запишување на деца во I одделение од деветогодишно основно образование за учебната 2026/27 година**

Почнувајќи од 04.05.2026 година до 29.05.2026 година ќе се врши запишување на деца во I одделение кои подлежат на задолжително основно образование.

**Во I одделение во учебната 2026/27 година се запишуваат сите деца кои до крајот на календарската - 2026 година ќе наполнат шест години - ( родени до 31.12. 2020 година).**

**Во I одделение може да се запишат и децата кои ќе наполнат шест години до 31.01.2027 година - (родени до 31.01.2021 година), по претходно барање од родителот и добиено мислење од педагогот во училиштето.**

Запишувањето на детето, на барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година, ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

За запишување на децата во I одделение се потребни следните документи (**задолжително):**

1. **Извод од матичната книга на родените;**
   - Извод од матична книга на родените се добива од матичната служба во местото каде е родено детето (**може стар и фотокопија**);
2. **Потврда за примените задолжителни вакцини за детето;**
   - Потврда за примените задолжителни вакцини за детето се добива од Здравствениот дом - Радовиш (вакцинации).
3. **Потврда за систематски преглед на оралната празнина;**
   - Потврда за систематски преглед на оралната празнина се добива од матичен стоматолог.
4. **Потврда за извршен офталмолошки преглед;**
   - Потврда за извршен офталмолошки преглед се добива од надлежна здравствена установа – (очен лекар).

Родителите при уписот на своите деца треба да понесат **и лични карти од двајцата родитела/старатели на увид ( мајката и таткото).**

При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од **комисијата за проценка** на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

Запишувањето во I одделение ќе го врши **комисија за упис -** (педагогот на училиштето и наставник за предучилишно воспитание).

Родителот односно старателот на детето е должен да го запише своето дете во I одделение во законскиот рок и е одговорен за неговото редовно посетување на училиштето.

Достапна е и електронска услуга за запишување на децата во I одделение преку порталот **www.uslugi.gov.mk** , а родителите / стрателите можат да полнат апликација, да изберат училиште и да ги прикачат потребните документи- скенирани, и да дојдат во училиштето со детето на разговор на закажаниот термин кој е добиен.